Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 09-555/4
23.06.2022 год
Новаци

Врз основа на чл.69 од Законот за животна средина („Службен весник на РМ" бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на РМ" бр.147/08,45/11) Градоначалникот на Општина Новаци:

**О Р Г А Н И З И Р А**

***1. ЈАВЕН УВИД И ЈАВНА РАСПРАВА*** **по Нацрт-Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Проект –Урбанистички план вон населено место за Изградба на објекти со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци-Вон град, Општина Новаци (плански период 2021-2031).**

**2.** Се информира јавноста дека е ставен на увид Нацрт-Извештајот за стратегиска оцена на животната средина **за Проект –Урбанистички план вон населено место за Изградба на објекти со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци-Вон град, Општина Новаци (плански период 2021-2031).**

3. Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ќе биде изложен во општина Новаци - Одделение за комунални дејности, сообраќај , урбанизам, заштита на животната средина и локален економски развој при Општина Новаци , секој работен ден од 8,00 до 15,00 часот, почнувајќи **од 24.06.2022год. до 26.07.2022год.** Исто така, Извештајот за стратегиска оцена на животната средина е ставен на веб-страната на Општина Новаци : www.opstinanovaci.gov.mk

4. Заинтересираната јавност, правните и физичките лица, во текот на 30 дена од денот на објавувањето на споменатите документи, можат да доставуваат мислења во врска со Извештајот за стратегиска оцена на животната средина и тоа во писмена форма до архивата на Општина Новаци.

**1.ЈАВНАТА РАСПРАВА** за Извештајот за стратегиска оцена на животната средина **за Проект –Урбанистички план вон населено место за Изградба на објекти со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци-Вон град, Општина Новаци (плански период 2021-2031)** ќе се одржи на **13.07.2022 година(среда) во 13 часот,** во Салата за седници на Советот на општината Новаци.

2.Сите заинтересирани страни поканети се да учествуваат на јавната расправа и да го дадат своето мислење, забелешки и предлози во врска со Извештајот до Општината Новаци.

Република Северна Македонија Општина Новаци Новаци

**ОПШТИНА НОВАЦИ**
**Градоначалник**

**Стевче Стевановски**